РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-1118/1
14-02-2020

Врз основа на член 22 став 7 и член 76 став 2 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019,) Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од познат подносител, на дваесет и шестата седница одржана на ден 07 февруари 2020 година донесе

**ОДЛУКА**

СЕ ЗАПИРА постапката по предмет со број 09-2524/1 од 23.04.2019, бидејќи не се потврдуваат наводите за злоупотреба на службена должност при распоредување на работно место на службено лице во Управата за јавни приходи.

Предметот со број 09-2524/1 од 23.04.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2524/1 од 23.04.2019 година е оформен по пријава од познат подносител, вработен во Регионална дирекција на УЈП, како даночен службеник. Пријавувачот наведува дека од почетокот на вработувањето му е сменето работно место неколку пати, при што сега е уназаден без постапка на работно место во пониско звање, но преку овластување е искористен да ги врши работите и работните задачи од претходното работно место со повисок коефициент на сложеност, но со плата од пониското звање. Пријавувачот изразува сомневање дека уназадувањето е направено намерно за наводно да се заштеди пари за да може да се вработи ќерката на тогашниот раководител на Регионална дирекција на УЈП и дека тој е оштетен во неисплатена плата за разликата помеѓу звањата по уназадувањето ви висина од 1.603.232 денари констатирано од вешто лице заклучно со август месец 2019 година. На 06.08.2019 година, Државната комисија побара од пријавувачот дополнување на пријавата со други потребни информации за решавање по предметот.

Од доставените документи, Државната комисија констатира дека на ден 18.11.2009 година по писмено барање од тогашниот директор на Регионална дирекција на УЈП, неархивирано и без потпис и печат неколку вработени помеѓу нив и пријавувачот заради


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

наводно неблаговремено и неквалитетно извршување на работите и работните задачи за соодветното работно место, да бидат прераспоредени на работи и работни задачи во пониско звање референт -доставувач - курир во службата за општи и заеднички работи при Регионална дирекција на УЈП.

Пријавувачот на 26.11.2009 година приговарал писмено на ова прераспоредување до работодавачот, но не беше јасно дали доставил приговор или жалба на време, за уназадување пред Комисијата на Агенцијата за државни службеници за одлучување по жалби и приговори на државните службеници.

Од доставената документација, Државната комисија поради немање на доволно елементи за да се потврди злоупотреба на службената должност во управните постапки кои се водат пред други органи на ден 25.11.2019 година се обрати со барање до Државниот управен инспекторат за вршење на вонреден инспекциски надзор врз овој случај.

Државниот управен инспекторат извршил вонреден инспекциски надзор на ден 10.12.2019 година и на ден 13.12.2019 година доставил известување до Државната комисија.

Државниот инспекторат при извршениот надзор утврдил дека при уназадувањето не нашол податок за поднесен приговор од страна на вработениот, што во прилог на пријавата до Државната комисија е доставена копија од поднесениот приговор, но не и други податоци и информации дали е постапен по приговорот и дали добил изјаснување од тогашниот директор.

Во наодот на Државниот управен инспекторат е утврдено дека на ден 24.09.2014 година помеѓу УЈП од една страна и пријавувачот е склучен Договор за вработување со цел усогласување со Законот за работни односи, Законот за управата за јавни приходи и Колективниот договор на УЈП во кој случај на вработениот му е утврден статус на работник на работно место со звање доставувач курир во Регионалната дирекција на УЈП и дека договорот е потпишан и од вработениот.

При усогласување на статусот на вработените во УЈП со Законот за вработените во јавниот сектор на 02.02.2017 година вработениот се стекнал со статус на административен службеник и е распореден на работното место референт – доставувач во Одделение за општи и заеднички работи Регионална дирекција на УЈП, звање кое го имал и во потпишаниот договор во 2014 година.

Вработениот изјавил приговор до Агенцијата за администрација кој со одлука од 22.03.2017 година се одбил како неоснован.

Против одлуката на Агенцијата за администрација вработениот поднел тужба против УЈП Скопје која со пресуда од 02.05 2018 година е одбиена како неоснована. Вработениот против судската пресуда изјавил жалба до Апелационен суд која со пресуда 03.07.2018 година е одбиена како неоснована.

На седницата одржана на ден 07 февруари 2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија констатира дека нема елементи за понатамошно


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

постапување согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи наводите изнесени во пријавата не се потврдуваат.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Катица Николовска**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: м-р Станка Милановска


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk